**20242514427**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија), („Службен весник на Република Македонија број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) и („Службен весник на Република Северна Македонија број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 ноември 2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ бр. 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018, 44/2019 и „Службен весник на РСМ бр. 198/2019, 63/2020, 202/2020, 303/2020, 217/2021, 179/2023, 277/2023, 57/2024 и 71/2024), во член 87 ставот 3 се менува и гласи:

„Кога за време на привремена спреченост за работа на осигуреникот, избраниот лекар од кои било причини престанал да биде избран лекар (поради престанок на работен однос, раскин на договор со Фондот, смрт, прекин на вршење на дејноста, заминување во странство и друго), а осигуреникот не е известен за настанатата промена, тогаш извештајот за привремена спреченост за работа на осигуреникот го издава новиот избран лекар, од првиот ден на спреченост за работа, во согласност со критериумите, законските и подзаконските акти на Фондот.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-26399/1
27 ноември 2024 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ирена Петковски,** с.р.